**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

# З Б О Р Н И К

НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА

„УЧИТЕЛОТ И СРЕДИНАТА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ “



ШТИП, 2016

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА**

**„ УЧИТЕЛОТ И СРЕДИНАТА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ “**

(одржана на ден **02.10.2015** година, Факултет за образовни науки, Штип)

2016, Штип

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Дејан Мираковски
Проф. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
Проф. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

**Јазично уредување - Language Editor:**
Весна Ристова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Дизајн на корица - Design:**
проф.д-р Никола Смилков

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

371.3:371.213.3(082)

УЧИТЕЛОТ и средината за учење и развој: научно-стручна трибина: (одржана на ден 02.10.2015 година, Факултет за образовни науки, Штип) / [уредувачки одбор Снежана Јованова-Митковска ... и др.]. - Штип: Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки, 2016. - 116 стр.: илустр.18 ; 25 см

Дел од трудовите на англ. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-364-5

а) Креирање средина за учење - Наставници - Зборници
COBISS.MK-ID 102227978

СОДРЖИНА

Предговор......................................................................................................7

Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Даниела Коцева
СРЕДИНАТА ЗА УЧЕЊЕ И АКТЕРИТЕ ВО НЕА ....................................................8

Елизабета Симоновска
НТЦ СИСТЕМ НА УЧЕЊЕ - ДЕНЕС....... ...............................................................16

Верица Јосимовска
КАБИНЕТОТ ПО ИСТОРИЈА – УЧИТЕЛКА ЗА ЖИВОТОТ....................................21

Киро Јорданов
МОДЕРНО ВРЕМЕ – МОДЕРНИ УЧИТЕЛИ: РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ И ВЕБИНАРИ.......................................................................................................24

Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева
СЕМЕЈСТВОТО КАКО СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ И ПОЗИТИВЕН РАЗВОЈ.................33

Светлана Пандилоска Грнчаровска, Рабије Мурати
КАКОВ НАСТАВНИК МУ ТРЕБА НА СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ.........................41

Катица Трајкова, Илија Митров
ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИ.........................................................................45

Емилија Петрова Ѓорѓева
ПРЕВЕНЦИСКИ ПРИСТАПИ НА АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ .........................48

Лидија Кондинска
НАСТАВНИКОТ, КРЕАТОР НА СРЕДИНАТА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ......................53

Василка Ѓурчиновска
ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ КАКО КРИТЕРИУМ ЗА УСПЕШНОСТА............61

Снежана Јованова-Митковска
КРЕИРАЊЕ НА СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ МАТЕМАТИКА ………………………………………………………………………....67

Елена Ташкова, Лидија Камчева Панова
ЛОГОПЕДСКИ ЕДУКАТИВЕН СОФТВЕР – ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ГОВОРОТ И ЈАЗИКОТ ……..............................................76

Маре Жежовска Трајковски, Силвана Ристевска
ДИЈАБЕТЕС И ДЕБЕЛИНА – АКТУЕЛЕН ПРОБЛЕМ КАЈ ДЕЦАТА ......................81

Билјана  Попеска
МОЖНОСТИТЕ НА УЧИЛНИЦАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ........................................................................83

Сања Мирчевска
НАСТАВНИКОТ, КРЕАТОР НА СРЕДИНАТА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ .....................92

Драгана Кузмановска, Билјана Иванова, Снежана Кирова
УЛОГАТА НА НАСТАВНИКОТ ВО ИНТЕРКУЛТУРНОТО ОБРАЗОВАНИЕ............102

Билјана Денкова, Јадранка Клисарова
НАСТАВАТА ПО ПРИРОДА КАКО ИДЕАЛНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ И ЗНАЕЊЕ…………………………………………………………………………………...108

**УДК 316.624.3:37.013.42-051**
**прегледен труд**

# ПРЕВЕНЦИСКИ ПРИСТАПИ НА АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

**Емилија Петрова Ѓорѓева**[1]
[1]*Факултет за образовни науки – УГД*

**Апстракт:**

Асоцијалното однесување претставува еден сегмент од нарушувањата во нормалното однесување на учениците. Разликата помеѓу асоцијалното однесување и другите видови на нарушувања во однесувањето се состои во тоа што асоцијалните личности воглавно, не нанесуваат штета на други лица и не се деструктивни кон околината. Тие се интровертни, „живеат во свој свет“, го игнорираат постоењето на одредени морални норми и вредности, имаат контакт со ограничен (мал) број на луѓе или воопшто не контактираат.

Во поново време асоцијалните личности го избегнуваат реалното и се насочуваат кон виртуелно дружење со пријатели кои не ги ни познаваат.

За асоцијалните личности карактеристично е тоа што се дистанцираат од општествените збиднувања, се осамуваат. Подоцна, тоа се рефлектира и при изборот на нивната професија - се определуваат за работа која им нуди изолираност од други луѓе, т.е. преферираат да работат сами, а не во колегијална заедница.

**Клучни зборови**: асоцијални личности, превентивни пристапи, превентивни стратегии.

# PREVENTIVE APPROACHES TO ASOCIAL BEHAVIOR

**Emilija Petorva Gyorgyeva**[1]
[1]*Faculty of Educational Sciences – UGD*

**Abstract**

Asocial behavior represents one segment of disorders in the normal behavior of pupils. The difference between asocial behavior and other types of behavior disorders lies in the fact that asocial persons mainly do not inflict damage on other persons and are not destructive to their surrounding. They are introverted, "living in their own world", they ignore the existence of certain moral norms and values, have contacts with a limited (small) number of people, or they do not have any contacts with others.

Lately asocial persons avoid the real world and direct themselves towards virtual companionship with friends they to not know personally.

One of the characteristics of asocial persons is the fact that they distance themselves from social events and keep to themselves. This later reflects on the choice of their profession – they choose a job that provides isolation from other people, i.e. they prefer to work alone rather than in a collegiate community.

**Key words:** asocial persons, preventive approaches, preventive strategies.

## Превентивни стратегии

Превентивните стратегии се дефинираат како збир од активности, кои се насочени кон:

- развој на индивидуалните психо - социјални компетенции на децата и младите:

- промени во социјалните и други системи на заедниците, со цел подобро да се приспособат кон потребите на луѓето.

Главната насока при формирање на стратегија за превентивно делување ја дава концептот на ризични и заштитни фактори. При барањето на адекватен превенциски модел или сеопфатна стратегија за превенција, треба секогаш да се има предвид, таа да одговара на потребите и да биде од општо добро за сите луѓе во заедницата (во овој случај, за сите ученици од средите училишта).

Според Ellis (1998) сите интервенции, кои ја сочинуваат превентивната стратегија, мора да се темелат на:

-повеќе фактори - мораат да ги објаснат и опфатат сите фактори на ризик;

-повеќе системи - мораат да ги опфатат сите општествени фактори кои постојат во социјалниот систем ( семејство, градинка, училиште, факултет) со кои детето или младиот човек се во интеракција;

-повеќе слоеви - за да може да се помогне на индивидуално ниво, мора да се превенира на макро ниво, што подразбира достапност, знаење за изворите на помош, знаење за потребата од помош и сл.

Важно е да се има предвид, дека без истовремено дејствување на повеќе нивоа, не може да се очекува ефективна реализација на превентивната програма.

Значи, за да се реализира еден превентивен програм успешно, многу е важно:

-да се осознае величината и сериозноста на проблемот со кој се среќаваме;

-да се започне што порано (во однос на проблемот и во однос на возраста на личноста);

-во решавањето на проблемот да се вклучат возрасните кои се битни за правилниот социјален развој на младата личност.

(Basic, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007: 34).

**Превентивни интервенции**

Превентивната стратегија освен што дејствува на индивидуално ниво на психо-социјална помош, таа дејствува посредно и на заедницата во која опстојува поединецот.

Превенцијата во заедницата е насочена кон акции за намерна промена на социјалните улови, за кои се верува дека причинуваат или поддржуваат одредени нарушувања во однесувањето кај поединецот во заедницата. За таа цел најдобро е при планирањето на превентивните програми:

-организирано да се вклучат и членовите на заедницата во која е поединецот или групата со нарушување;

-да се мобилизираат постоечките и да се градат нови ресурси;

-да се одржува ред;

-да се заштитат ранливите групи или поединци (Hope, 1995 : според Basic, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007:37).

Предностите на превенцискиот пристап во заедницата/училиштето во која опстојува поединецот се опишува низ неколку клучни поими:

**-инклузивност,** што значи вклучување на сите фактори од училиштето и заедницата во промоција на здрав, позитивен психо-социјален живот на младиот човек.

**-проактивност,** што значи идентификување и насочување на приоритетните подрачја, пред да се случи појавата на нарушувања во однесувањето кај младите и да стане дел од нивното живеење.
**-основаност на научните истражувања,** што опфаќа истражувања од разни научни дисциплини и подрачја од образование, социологија, психологија, криминологија, јавно здравство и сл.
**-специфичност на заедницата,** што подразбира дека секоја заедница се базира на релевантни податоци од својата база, при планирање и имплементирање на соодветните долгорочни превентивни програми (Horachi и сораб. 1996, според Basic, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007:37).

Ефективното спроведување на превентивна програма во заедницата во која постојат ризик-фактори за појава на нарушување во однесувањето кај поединци или групи, вклучува: мобилизирање на заедницата, проценка и идентификување на потребите на заедницата, имплементирање на превентивната програма и на крај евалуација од спроведената програма (ефектот).

За да се обезбеди спроведување на еден превентивен програм во одредена заедница (во случајот, средно учлилиште), како и негова одржливост, потребно е да постојат одредени предуслови и тоа:
- видливо расположение и истрајност на одговорните лица во заедницата, како (директорот на училиштето, стручната служба, наставниците, родителите), за безрезервна помош и соработка при планирање и имплементација на превентивната програма;
- проценка на подготвеноста на заедницата за прифаќање на превентивната програма (како ќе делува заедницата врз спроведување на програмата);
- проценка на ризичните и заштитни фактори, како и опис на стратегијата за нивно намалување или јакнење;
- објаснување/дефинирање на условите и ефективноста на пристапот;
- стратегија со која ќе се мобилизира/заинтересира заедницата;
- план за прибирање, обработка на податоци и евалуација (Basic,2003).

Доколку се обезбедени овие предуслови, многу е веројатно дека првентивната програма во заедницата, може успешно да се релизира ако интервенциите се насочат кон:
- превенција која се базира на истражувања на потребите на заедницата и постојана евалуација;
- превенција која се базира на соработка и интеграција на сите расположиви ресурси;
- превенција чии програми траат, се одржливи и се институционализираат;
- превенција која има широк поглед над потребите на заедницата, давајќи поддршка на националните закони и стручната политика;
- превенција која промовира успешни заедници;
- превенција низ чии активности се препознава дека во прашање е целата нација, грижата за сите во заедницата.

Заедниците мора да соработуваат на полето на превенција од нарушувања во однесувањето, за доброто на сите деца и млади и целото општество (Basic, 2003, според Basic, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007:39).

Во врска со превентивните програми, Bernard (1986), наведува дека најефективните програми имаат за цел различни старосни групи, проучување на животни вештини, вклучување на родителите, зедницата, наставниците. Тие се добро имплементирани и редовно се евалуираат.

Превентивните програми се успешни кога ги идентификуваат потребите на луѓето, развиваат различни стратегии за нивно задоволување, прават мостови помеѓу институциите и сервисите кои можат да ги задоволат тие потреби.

За да бидат овие програми што подобри, неопходно е да се почитуваат одредени принципи, како :

- насоченост кон поширокото опкружување (семејства, градинки, училишта, група врсници, како и општеството во целина);
- прилагодување кон развојното и сознајно ниво на децата и младите, што значи дека децата и младите во висок ризик, имаат различни потреби отколку популацијата во низок ризик;
- зајакнување на развојните предности, кои се важни, не само за оние во ризик, туку за сите поединци. Повеќе предности придонесуваат за позитивен развој;
- чувствителност на различности (пол, возраст, култура, вероисповест и сл.);
- создавање континуирана поддршка и грижа - тоа е она што им е потребно на младите во ризик. Колку е поголем ризикот, толку е поголема потребата од интензивна, долготрајна помош и поддршка;
- одржливост на постигнатиот напредок / успех од превентивниот програм.

Истражувањата покажале дека доколку се сака со превентивната интервенција да се постигне успех / позитивна промена во однесувањето кај младите, мора:

- да се градат специфични вештини и знаења,
- да се влијае на личните, социјални и други фактори на опкружување кои влијаат на појава на одредено однесување,
- да се поттикнува и наградува позитивното однесување,
- постепено да се модифицира однесувањето,
- да се истакнуваат и соодветно наградуваат и малите напредувања кон позитивно однесување,
- да се тренира ново позитивно однесување во вистински услови и опкружување,
- да се обезбеди поддршка за целото време додека личноста минува низ модификација на своето однесување,
- да се изработи стратегија за одржливост на постигнатиот напредок,
- да се почитува професионалната дискреција.

(Pratt, Hernandez, 2003, според Basic, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007:44)

## Имплементирање на превентивните програми

Процесот на имплементација зависи од два суштински елементи.
Првиот се однесува на **квалитетот** на оригиналниот програм, што подразбира:

- добра теориска подлога,
- јасно дефинирани цели кои произлегуваат од проценката на потребите,
- усогласеност на целите и активностите,
- едукативни материјали,
- компетентни и добро обучени имплементатори,
- планирање на евалуација,

- време и обезбедување на потребни финансиски средства.

Другиот елемент се однесува на **подготовката и сензибилизацијата на институцијата** за примена на превентивниот програм, како и мотивирањето на вработените за активно вклучување во имплементацијата.

(Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007:53)

Општоприфатената дефиниција наведува дека *имплементација* е всушност „термин со кој се кажува до кој степен програмата е вклучена во праксата", (Durlak, 1998: според Barry, 2004: според Basic, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007 :53)

Имплементацијата вклучува информации за специфичните елементи на програмот и за начинот на кој е спроведен целиот проект. Процесот на имплементација е многу важен за да може најефективните програми да се усовршуваат и понатаму да се користат.

Почитувајќи ги компонентите на успешна имплементација стануваме сигурни дека докажано, ефективните програми ќе бидат веродостојно имплементирани во нови опкружувања. (Basic, 2007:29)

**Литература**


1. Gallop Poll Analysis. (2001, March). Majority of parents think a school shooting could occur in their community.
2. Garbarino, J. (1999). Lost boys: Why our sons turn violent and how we can save them. New York: The Free Press.
3. Greenberg, M.T., Domitrovich, C., & Bumbarger, B. (2001, March 30). The prevention of mental disorders in school-aged children: Current state of the field. Preventions and Treatment,
4. Gresham, F. (1991). Conceptualizing behavior disorders in terms of resistance to intervention. School Psychology Review,
5. Guerra, N., Attar, B., & Weissberg, R. (1997). Prevention of aggression and violence among inner-city youth. In D. Stoff,
6. J. Breiling, & J. Maser (Eds.), Handbook of antisocial behavior (pp. 375–383). New York: Wiley.
7. Heimer, K., & Matsueda, R. (1997). A symbolic interactional theory of motivation and deviance: Interpreting psychological research. Press.
8. Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007: 34).
9. Hope, 1995 : според Basic, Feric-Slehan, Kranzelic-Tavra, 2007:37)
10. Fitzsimmons, M. (1998, November). Violence and aggression in children and youth. ERIC/OSEP Digest, E572.